РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. УП.17-565
27-01 2017
Општина Македонски Брод

Република Македонија
Општина Македонски Брод
Бр.Уп1- 17-565

Согласно член 99 точка (1) , член 122 точка ( 4) од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16), Градоначалникот на Општина Македонски Брод ,

ОБЈАВУВА
Барање за добивање Б-Интегрирана еколошка дозвола

До Градоначаликот на Општина Македонски Брод доставено е комплетно барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола со бр. Уп1.17- 564 .
Подносител на барањето:
"Еуро Јани Коп" увоз-извоз с. Суводол,Македонски Брод
Приоритетна дејност: 08.11. Вадење на декоративен камен и камен за градежништво,варовник,суров гипс,креда и шкрилци
Локација на инсталацијата:
м.в. "Огледалец",КП бр.19/2, имотен лист бр.10 КО, Суводол
Контакт лица:
Меритон Абдули-управител, Јане Станоески - управител
Категорија на инсталација:
Инсталација за ископ,дробење,мелење,сеење,загревање на минерални суровини.
Проектиран капацитет:
50.000 т /годишно

Целокупната документација содржана во барањето , потребна за оформување и доставување на мислење и ставови е достапна на заинтересираната јавност од 27.01.2017 -27.02.2017година. на www.mbrod.gov.mk.

Градоначалник
Милосим Војнески

**ДО:**
**ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

- **Инспектор за животна средина**
- **Одделение за животна средина**

**ул.7-ми СЕПТЕМВРИ БР.4**
**6530, МАКЕДОНСКИ БРОД**

ОПШТИНА ... ПРИМЕНО: 13 ... Орг. ед. Број УП1 17 564

ПРЕДМЕТ: **ДОСТАВУВАЊЕ НА Барање за Б – ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА**

Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги „ЕУРОЈАНИ КОП" ДОО Македонски Брод, локалитетот „Огледалец" Македонски Брод, поднесува барање за Б – Интегрирана еколошка дозвола за инсталацијата за ископ на минерална суровина камен варовик во Огледалец, општина Македонски Брод.
Изработката на Б – Дозволата е согласно обврската дадена во Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) и задолжување од овластен инспектор за животна средина со Решение со ИП 1 бр.11.1-4 од 03.05.2016г., а Согласно Уредбата Прилог Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини Доколку не се опфатени со прилог 1 од Уредбата

**Прилог:**

Барање за Б – Интегрирана еколошка дозвола
(3) три печатени примерока
(1) еден електронски примерок
Уплатница за уплатен надоместок за административна такса и за решение за Б-ИСКЗ

До инспекторот доставени:
- Тековна состојба од ЦР на РМ
- Решение од ЦР на РМ
- Имотен лист
- Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина- Варовник на локалитетот Огледалец, општина Македонски Брод
- Дозвола за концесија
- Договор за откуп на отпадни материјали склучен со ДООЕЛ Даскало, Прилеп
- Договор за откуп на отпадни масла од механизација, склучен со Игор-С, Кичево
- Договор за купопродажба на отпадни гуми, склучен со отпад Дине, Велес
- Договор за одржување на механизација, склучен со Аднан Комерц, Горно Пашино, Кичево
- Договор со ЈП Водовод и канализација" М.Брод, за собирање на комунален отпад.
- Копија од одобрен елаборат за заштита на животна средина

Ви Благодариме на соработката,

ДПГТУ„ЕУРОЈАНИ КОП" ДОО Македонски Брод,
локалитетот „Огледалец" Македонски Брод,
**Управител**
**Меритон Абдули**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Бр. 24-3367/7

[illegible] -06- [illegible] година

Скопје

Врз основа на став 1 од член 9 од Правилникот за начинот на вршење на стручна оцена (ревизија) на рударски проекти ("Службен весник на Република Македонија" бр. 65/11), а постапувајќи по барањето на Друштвото за производство, градежништво и услуги ЕУРО ЈАНИ КОП увоз-извоз ДОО Македонски Брод бр.24-3367/1 од 12.05.2015, Комисијата за вршење на стручна оцена (ревизија) на рударски проекти по спроведената постапка за вршење на стручна оцена (ревизија) на "Главен рударски проект за површинска експлоатација на минерална суровина варовник од лежиштето "Огледалец", општина Македонски Брод " изработен од "РУДПРОЕКТ" ДОО Скопје, ја издава следната:

## РЕВИЗИСКА КЛАУЗУЛА

"Рударскиот проект е изработен во согласност со закон"

Комисија за вршење на стручна оцена (ревизија) на рударски проекти

Јордан Димитровски, претседател

Кире Мијалчев, член

Стојан Андов, член

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

11-57

28.07.2015

Република Макед
Министерство за
животна средина
и просторно план

Бул."Гоце Делчев" бр.
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moe
Сајт: www. moepp.gov.m

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011 , 123/2012, 93/13, 42/2014 и 44/2015), Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

## РЕШЕНИЕ

### За одобрување на Елаборат за заштита на животна средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборатот за заштита на животната средина, од јуни 2015 година, изготвен од страна на "РУДПРОЕКТ" ДОО од Скопје за проект: Површинска експлоатација на минерална суровина варовник на локалитетот "Огледалец", општина Македонски Брод, за потребите на инвеститорот „ЕУРО ЈАНИ КОП" увоз-извоз ДОО од Македонски Брод.
2. Од доставената документација констатирано е дека со површинската екслоатација на минерална суровина - варовник, на локалитетот "Огледалец" во општина Македонски Брод, нема да има значителни влијанија врз животната средина.
3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија доколку низ изведувањето на експлоатацијата се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект: Површински коп за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот "Огледалец", општина Македонски Брод, за потребите на инвеститорот „ЕУРО ЈАНИ КОП" увоз-извоз ДОО од Македонски Брод.

- Локацијата на концесиониот простор за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот локалитетот „Огледалец", општина Македонски Брод, предвиден е со Договорот склучен помеѓу Владата на РМ и инвеститорот ДПГУ „ЕУРО ЈАНИ КОП" увоз-извоз ДОО од Македонски Брод со број 42-50/1 од 02.02.2015 година.

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Експлоатационото поле е со површина од 0,189470 $km^2$ (18,9470 ha) и е дефинирано со следниве координати:

| Точка | Y | X |
|---|---|---|
| Т-1 | 7 520 500 | 4 599 149 |
| Т-2 | 7 520 300 | 4 599 190 |
| Т-3 | 7 520 200 | 4 599 102 |
| Т-4 | 7 520 230 | 4 599 500 |
| Т-5 | 7 520 500 | 4 599 500 |

Република Мак
Министерство з
животна средин
и просторно пла

Бул."Гоце Делчев" бр
1000 Скопје,
Република Македон
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@m
Сајт: www. moepp.gov

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен од страна на "РУДПРОЕКТ" ДОО од Скопје е составен од текстуален дел и графички прилози, анализирани се сите неопходни компоненти, изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми. Според наша оцена, проектираните заштитни мерки се апликативни и во целост ќе ги задоволат основните барања.

**Правна поука**: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот за животна средина и просторно планирање.

Изготвил: Дејана Тодоровска
Контролирал:Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска

Управа за животна средина
Директор
Игор Трајковски

**Кориснички број 434**

[illegible] чл. **5** и **14** од Законот за комунални дејности (,Сл.весник на РМ бр. [illegible] 16/04), чл.**3** ст.**1** т.**16**, и чл.**46** од Законот за управување со отпад [illegible] Сл.Весник на РМ,, бр.**9 / 11)** и врз основа на поднесено барање бр. 03- [illegible]2015. се склучи следниот:

# Д О Г О В О Р

**За меѓусебна соработка**

Склучен на ден **06.08.2015год** во Македонски Брод помеѓу:

1. **ЈП ,,ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА,,** ул„Партизанска" бр.10, Македонски Брод (давател на комунални услуги) и
2. Друштво за производство, градежништво и услуги **ЕУРО ЈАНИ КОП** увоз-извоз ДОО Македонски Брод

**ЕДБ :** 4018012501529

**ЕМБС :**

**ЖИРО СМЕТКА :**

**ДЕПОНЕНТ :**

**УПРАВИТЕЛ : Јане Станоески**
( корисник на комуналните услуги).

**е- mail адреса : eurojanikop@yahoo.com**
(доколку настане промена на службената e-mail адреса навремено да го известите давателот на комунални услуги ЈП „Водовод и каналализација" М. Брод)

**Член 1**

Предмет на овој Договор е вршење на комунална услуга/дејност собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад, како и вршење на други комунални услуги/дејности за кои е регистриран давателот на комуналните услуги.

**Член 2**

Месечната цена за вршењето на комуналните услуги кои се предмет на овој договор ја определува надлежниот орган на Единицата на локалната самоуправа-Советот на Општина Македонски Брод, по предходно даден предлог од страна на Управниот одбор на давателот на услугата.

**Член 3**

Давателот на услугите се обврзува, да му обезбеди на корисникот за услугите навремено и непречено собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад што го создава корисникот на услугата, како и вршење на останати комунални услуги/дејности за кои е регистриран давателот на комунални услуги.

**Член 4**

Договорените страни се согласни количината на собирањето, транспортот и депонирањето на комуналниот цврст отпад да се мери во мерна единица м2 корисна површина од објект кој го користи корисникот на услугите.

**Член 5**

Договорените страни се согласуваат и се обврзуваат корисникот на услугата да постави сад за собирање на отпад на пристапна локација и во истиот да става само комунален отпад, а давателот на услугата навремено и непречено (најмалку два пати во месецот) да врши собирање на комуналниот отпад.

**Член 6**

Договорените страни се должни и се согласуваат, Давателот на услугата да го прекине собирањето, транспортот и депонирање на комунален цврст отпад во случај кога корисникот на услугите не ја исполнува обврската за плаќање на надоместокот за комуналните услуги што се предмет на овој договор за повеќе од 3 (три) неплатени сметки.

**Член 7**

Договорените страни изјавуваат дека овој договор е резултат на нивна слободна волја и како таков своерачно го потпишуваат.

**Член 8**

Се што не е регулирано со одредбите на овој договор, ќе се применуваат општите одредби од ЗОО, Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпад.

**Член 9**

Во случај на спор на одредбите на овој договор странките ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно надлежен е Основниот суд во Кичево.

**Член 10**

Договорот е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, по еден за секој од договорените страни и два за архивата на давателот на услугата.

Давател на комунални услуги :

ЈП „Водовод и канализација"
Македонски Брод
Директор,

Корисник на комунални услуги:

ЕУРО ЈАНИ КОП
(целосен назив)
Македонски Брод
Управител,

на Република Македонија
истерство за транспорт и врски

[redacted]

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ


Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски
Црвена Скопска Општина бр.4, 1000 Скопје, Република Македонија

Поштенска адреса
Ул. Даме Груев број 6, 1000 Скопје, Република Македонија

Тел. + 389 (0)2 3145 497
Факс: + 389 (0)2 3126 228
Епошта:info@mtc.gov.mk
Сајт:www.mtc.gov.mk


Врз основ на член 348 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на Република Македонија" бр.169/15), член 207 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05), актот рег.бр. 22.2-6115/1 со датум 01.02.2016 и актот бр.10-1255/2 од 10.02.2016 година, Министерот за транспорт и врски го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

за утврдување на трајна измена на режим на сообраќај на регионален пат Р1106, делница: Брана Козјак-Македонски Брод, поради приклучок на концесионо поле "Огледалец", Општина Македонски Брод, кон регионален пат

Се издава Решението за трајна измена на режим на сообраќај на регионален пат Р1106, делница: Брана Козјак-Македонски Брод, поради приклучок на концесионо поле "Огледалец", Општина Македонски Брод, кон регионален пат, кое се издава врз основ на барателот ЕУРО ЈАНИ КОП ДОО, за издавање на Решение за трајна измена на режим на сообраќај на регионален пат Р1106, делница: Брана Козјак-Македонски Брод, поради приклучок на концесионо поле "Огледалец", Општина Македонски Брод, кон регионален пат, со следните услови:

- Сообраќајните знаци и техничките средства да се изработат согласно важечките стандарди во сила во Република Македонија;
- После реализација на предметниот Сообраќаен проект за трајна измена на режим на сообраќај на регионален пат Р1106, делница: Брана Козјак-Македонски Брод, поради приклучок на концесионо поле "Огледалец", Општина Македонски Брод, кон регионален пат, со технички број 080/15 изработен од ПЕРКАН ПРОЕКТ ДООЕЛ од Прилеп, согласно член 352 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 169/15) да се изврши технички преглед за реализација на проектот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот ЕУРО ЈАНИ КОП ДОО до Министерството за транспорт и врски достави барање број 11-уп-163/1 со датум 31.12.2015 година за издавање на Решение за трајна измена на режим на сообраќај на регионален пат Р1106, делница: Брана Козјак-Македонски Брод, поради приклучок на концесионо поле "Огледалец", Општина Македонски Брод, кон регионален пат.

Министерството за транспорт и врски согласно член 348 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на Република Македонија" бр.169/15) поднесе барање со број 11-уп-163/2 од 05.01.2016 година до Министерството за внатрешни работи и до Јавното претпријатие за државни патишта, за издавање Согласност во врска со сообраќајниот проект за трајна измена на режим на сообраќај на регионален пат

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Црвена Скопска Општина
број 4, 1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. + 389 (0)2 3145 497
Факс: + 389 (0)2 3126 228
Е-пошта: info@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk

Р1106, делница: Брана Козјак-Македонски Брод, поради приклучок на концесионо поле "Огледалец", Општина Македонски Брод, кон регионален пат.

Како одговор на дописот од Министерството за транспорт и врски, Министерот за внатрешни работи, до овој орган достави допис со број 22.2-6115/1 и датум 01.02.2016 година, со кој ја дава бараната Согласност во врска со сообраќајниот проект.

Како одговор на дописот од Министерството за транспорт и врски, Јавното претпријатие за државни патишта, до овој орган достави допис со број 10-1255/2 и датум 10.02.2016 година, со кој ја дава бараната Согласност во врска со сообраќајниот проект.

Министерството за транспорт и врски врз основа на увидот во документацијата, 22.2-6115/1 и датум 01.02.2016 година, со кој ја дава бараната Согласност во врска со сообраќајниот проект, актот со број 10-1255/2 и датум 10.02.2016 година од Јавното претпријатие за државни патишта, и записник бр. 3 од 10.02.2016 година од комисија за разгледување и оценување на сообраќајни проекти со кои се утврдува режим на сообраќај, со кои што се констатира дека сообраќајниот проект е во целост изработен согласно Сообраќаен проект за трајна измена на режим на сообраќај на регионален пат Р1106, делница: Брана Козјак-Македонски Брод, поради приклучок на концесионо поле "Огледалец", Општина Македонски Брод, кон регионален пат, и се одлучи како во диспозитивот на ова Решение, со следните услови:

- Сообраќајните знаци и техничките средства да се изработат согласно важечките стандарди во сила во Република Македонија;
- После реализација на предметниот Сообраќаен проект за трајна измена на режим на сообраќај на регионален пат Р1106, делница: Брана Козјак-Македонски Брод, поради приклучок на концесионо поле "Огледалец", Општина Македонски Брод, кон регионален пат, со технички број 080/15 изработен од ПЕРКАН ПРОЕКТ ДООЕЛ од Прилеп, согласно член 352 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 169/15) да се изврши технички преглед за реализација на проектот.

Заради овие причини министерот за транспорт и врски одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПОУКА : Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот, преку овој орган до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Жалбата според тарифен број 2 согласно член 6 од Законот за изменување и дополнување на законот за административни такси ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04) да се таксира со таксени марки од 250.00 денари.

*Министерство за транспорт и врски, 11.02.2016 година, 11-уп-163/4*

**Владо Мисајловски,**

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-6562/2
Дата: 11.09.2015
До: ДПГУ "Еуро Јани" Доо
ул.Партизанска бр.26
6530 Македонски Брод

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Предмет: Известување

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за издавање на Водостопанска согласност за експлоатација на минерална суровина варовник на локалитетот „Огледалец" општина Македонски Брод, Ве известуваме за следното;

Согласно Законот за води (Службен весник на Република Македонија бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13 и 163/13) Министерството за животна средина и просторно планирање издава дозвола за користење на вода од површински и подземни водни тела и дозвола за испуштање на отпадни води заради заштита на површински и подземни водни тела.

Со вашето барање во прилог доставена е следната техничка документација:

- Главен рударски проект за експлоатација на минерална суровина варовник на локалитетот „Огледалец" општина Македонски Брод, изработен од "Рудпроект" Доо Скопје, Април 2015 год. тех.бр, 314,
- Ревизија на Главен рударски проект за експлоатација на минерална суровина варовник на локалитетот „Огледалец" општина Македонски Брод, бр.24-3364/7 од 03.06.2015 год.
- Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина варовник на локалитетот „Огледалец" општина Македонски Брод, помеѓу ДПГУ Еуро јани Коп и Владата на Република Македонија застапувана од Министерот за економија Беким Незири бр. 24-2073/1 од 11.03.2015 година.
- Решение за одобрен елаборат за заштита на животна средина за експлоатација на минерална суровина варовник на локалитетот „Огледалец" општина Македонски Брод, бр.11-5782/2 од 28.07.2015 год.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

- Договор за вршење на комунални услуги за собирање транспортирање и депонирање на комунален отпад, склучен помеѓу ДППУ Ѓуро Јани Коп и ЈП Водовод и канализација бр. 03-483/2 од 06.08.2015 год.

Од увидот на доставената документација произлегува дека на концесискиот простор со кординати х,у табеларно прикажани

| Точка | Кординати х | Кординати У |
|---|---|---|
| Т-1 | 4 599 149 | 7 520 500 |
| Т-2 | 4 599 190 | 7 520 300 |
| Т-3 | 4 599 102 | 7 520 200 |
| Т-4 | 4 598 500 | 7 520 230 |
| Т-5 | 4 599 500 | 7 520 500 |

ќе се врши експлоатација на минерална суровина варовник на локалитетот „Огледалец" општина Македонски Брод. Према опишаниот технолошки процес површината опфатена со експлоатациони работи на површинскиот коп „Огледалец" изнесува П=0,189470км$^2$, основните инфраструктурни објекти за механизација и персонал лоцирани се во рамките на површинскиот коп. За снабдување на површинскиот коп со санитарна вода предвидено е да се носи со цистерни и ќе се складира во посебен пластичен резервоар со волумен од 5м$^3$. истата во зависност од потрошувачката редовно ќе се надополнува со свежа вода, а водата за пиење ќе се обезбедува во шишиња. Потребите за технолошка вода на копот како супресија на прашината, прскање на патишта, како и за перење на опремата и работните површини може да се собира во собирен резервоар за атмосферски води т.н. водособирник. Во период кога технолошката вода не е доволна, тогаш ќе се обезбедува со камион цистерна и ќе се складира во пластичен резервоар од 15м$^3$ . За собирање на отпадните и фекалните води од инфраструктурните објекти ќе се користат подвижни собирачи од типот TOI-FOR или предвидена е изградба на септичка јама со капацитет од 5м$^3$ , која е двокоморна целосна вкопана во земја армирано бетонска водонепропусна. Снабдувањето со гориво на комплетната опрема и механизација од површинскиот коп ќе се носи со автоцистерна, преточувањето на горивото од автоцистерна во резервоарите на опремата и механизацијата ќе се изведува на посебен простор со превземање на сите мерки за безбедно преточување. Промената

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс: (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

на маслата од моторите ќе се врши исклучиво на паркинг просторот при што отпадните односно искористеното масло се собира во метални буриња во посебен магацин се до нивно предавање на овластена компанија. Со овој начин на преточување на горивото се спречува неговото неконтролирано излевање и загадување на почвата и подземните води, затоа во случај на хаварија на некоја од машините во процесот на експлоатација на минералната суровина, местото треба да биде обезбедено локализирано и заштитено од истекување горива и масла во најкраток можен рок. Со запазување на проектираните техничко-технолошки параметри на системот на површинската експлоатација, се анулираат сите опасности кои можат негативно да влијаат врз подземните и површинските води. Сето ова, наведува на заклучок дека во фаза на експлоатација нема да има користење на подземни и површинска вода како и испуштање на отпадни води во реципиент или подземни води односно такви активности на концесиското поле нема да се извршуваат. Согласно член 178 од Законот за води не е потребно издавање на водостопанска согласност, дозвола за користење на вода и дозвола за испуштање на отпадни води. Доколку во иднина се јави потреба од зафаќање на вода за било која намена за потребите на површинскиот коп во рамките на концесиското поле, согласно Законот за води потребно е да се прибави Дозвола за користење на вода од подземни или површински водни тела.
Доколку при експлоатација на минералната суровина и други активност на ископување на земјиштето на концесиското поле се појави подземна вода која дотекува во експлоатационото поле должни сте веднаш да прекинете со ископот на материјалот и да ги превземете сите неопходни мерки за заштита на водите од загадување и за тоа да го известите органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Со почит,

Министер
Nurhan Izairi

Изготвил: Исмет Јакупи
Одобрил: Илбер Мирта
Согласен: Игор Трајковски

Јавно комунално претпријатие
Комунална хигиена
Бр. 03-371/1
14.11 20 16 год.
Македонски Брод

Кориснички бр.

Врз основа на член 5, член 14, и член 18 од Законот за комунални дејности („Сл.весник на РМ бр. 95/2012 од 26.07.2012 година), и член 12, член 26, член 43 и член 46 од Законот за управување со отпад - Пречистен текст ( Сл.Весник на РМ„ бр. 9 / 2011 од 25.01.2011 година) се склучи следниот:

Архивски знак: 0307
Рок на чување: 10 год.
14.11 2016год. Потпис:

# ДОГОВОР
## За давање на комунални услуги

Склучен на ден **28.09. 2016 година** во Македонски Брод помеѓу:

1. **ЈКП „Комунална хигиена"** ул. „Партизанска" бр.10, Македонски Брод, застапувано од в.д. Директорот **Горан Трајаноски**, депонент Комерцијална банка, со ж-ска 300280000037270, ЕМБС 7034938 и ЕДБ 4018015502267, (давател на комунални услуги) и

2. **Друштво за градежништво, производство и услуги ЕУРО ЈАНИ КОП ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ Македонски Брод,** од населено место **Македонски Брод**, со

**ЕДБ : 4018012501529,**
**ЕМБС : 6790283**
**ЖИРО СМЕТКА : 300280000029316**
**ДЕПОНЕНТ : Комерцијална банка**
**УПРАВИТЕЛ : Јане Станоески**
**е – mail: eurojanikop@yahoo.com**
( корисник на комуналните услуги).

**Член 1**

Предмет на овој Договор е вршење на комунална услуга/дејност собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад, како и вршење на други комунални услуги/дејности за кои е регистриран давателот на комуналните услуги.

**Член 2**

Давателот на услугите се обврзува, да му обезбеди на корисникот за услугите навремено и непречено собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад што го создава корисникот на услугата, како и вршење на останати комунални услуги/дејности за кои е регистриран давателот на комунални услуги.

Давателот на услугата се обврзува, најмалку два пати во месецот да врши собирање на комуналниот отпад и најмалку еднаш во месецот да врши собирање градинарски отпад и отпад од паркови.

**Член 3**

Давателот на услугата ќе организира собирни места и собирен центар за прием на селектиран отпад и се обврзува да го прими селектираниот отпадот од поседувачите на отпад донесен по системот на донесување.

**Член 4**

Цената за вршењето на комуналните услуги кои се предмет на овој договор ја определува надлежниот орган на Единицата на локалната самоуправа - Советот на Општина Македонски Брод, по предходно даден предлог од страна на Управниот одбор на давателот на услугата.

**Член 5**

Корисникот на услугата се согласува и се обврзува да набави и да постави сад за собирање на отпад на пристапна локација (да не е подалеку од 15м од местото каде може да пристапи возилото за собирање на отпад) и во истиот да става само комунален отпад.

**Член 6**

Корисникот на услугата се согласува и обврзува дека во садот за собирање на отпад нема да става течни и полутечни материи, жар и пепел, трупови и остатоци од животинско потекло, електичен и електронски отпад, акумулатори, автомобилски гуми, градинарски отпад и отпад од паркови, градежен шут, отпад од пакување и опасен отпад.

**Член 7**

Корисникот на услугата се согласува и се обврзува садот за собирање на отпад да биде во исправна состојба и по писмена опомоне на давателот на услугата неисправниот, односно оштетениот сад за собирање на отпад да бидат заменет со нов.

**Член 8**

Корисникот на услугата се согласува и се обврзува отпадот за повторна употреба градинарскиот отпад и отпадот од паркови да го складира во посебни садови односно да е спакуван во соодветно пакување.

**Член 9**

Корисникот на услугата, односно создавачот на габаритниот отпад се согласува и се обврзува, да ги плати објективните трошоци за направената услуга по утоварот на габаритниот отпад.

**Член 10**

Забрането е оставање, фрлање, напуштање, спалување или неконтролирано отстранување на отпадот.

**Член 11**

Договорените страни се должни и се согласуваат, Давателот на услугата да го раскине договорот и да го прекине собирањето, транспортот и депонирање на комунален цврст отпад во случај кога корисникот на услугите не ја исполнува обврската за плаќање на надоместокот за комуналните услуги што се предмет на овој договор за повеќе од **3** (три) неплатени сметки.

**Член 12**

Договорените страни изјавуваат дека овој договор е резултат на нивна слободна волја и како таков своерачно го потпишуваат.

**Член 13**

Се што не е регулирано со одредбите на овој договор, ќе се применуваат општите одредби од ЗОО, Законот за управување со отпад и Законот за комунални дејности.

**Член 14**

Во случај на спор на одредбите на овој договор странките ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно надлежен е Основниот суд во Кичево.

**Член 15**

Договорот е склучен во 2 (два) еднообразни примероци, по еден за секој од договорените страни.

| **Давател на комунални услуги :** | **Корисник на комунални услуги:** |
|---|---|
| **ЈКП „Комунална хигиена"**<br>**Македонски Брод**<br>**Директор,** | **Друштво за градежништво,производство и услуги**<br>**ЕУРО ЈАНИ КОП ДОО Македонски Брод**<br>**Управител,** |
| ________________ | ________________ |

Јавно комунално претпријатие КОМУНАЛНА ХИГИЕНА Македонски Брод

# ДОГОВОР ЗА ДЕЛОВНО - ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

Склучен на ден 25.10.2016 година помегу

1. **Инвеститор ЕУРО-ЈАНИ КОП ДОО Македонски Брод, Општина Македонски Брод, застапувано** од управителите **Јани Станоевски и Меритон Абдули** од една страна како нарачател на работата
2. **Цане Шокларовски,дипломиран сообракаен инженер со ЕМБ 1412958410018,ул Анести Пановски 10/13 Битола** од друга страна како извршител на работата.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е деловно техничка соработка на лицето Цане Шокларовски дипломиран сообракаен ижeнер, со концесионерот ЕУРО-ЈАНИ КОП ДОО Македонски Брод бидејки інвеститорот е должен надзорот над изградбата на градби, да го даде на правно или физички лица кое ги исполнува условите пропишани со законот за градење

Лицето Цане Шокларовски (надзорен инженер овластување А бр 50026)се обврзува за потребите на Носител на правото на градење- концесионерот ЕУРО-ЈАНИ КОП ДОО Македонски Брод да врши стручен надзор над изведба на градба на реализација на Основен сообракаен проект за приклучок на пат од концесионо поле, до регионалниот пат, локалитет Огледалец-Општина Македонски Брод изработен од Перкан Проект ДООЕЛ Прилеп Технички број 090/15 од јули 2015 година

**Член 2**

Извршителот на работите (Надзорен инженер) е физичко лице кое ке врши надзор над изградбата на градбата и има лиценца А за надзор. Тој се обврзува квалитетно и навремено да ги изврши зададените работи опишани во членот 1 на овој договор како што се

- да врши проверка над изградбата дали истата е во согласност со основниот проект и одобрението за траен режим на сообракај.
- да врши проверка на градбата во секоја фаза
- да врши проверка на квалитетот на вградените материјали во градбата,
- да го запознае инвеститорот и надлежниот градежен инспектор за утврдените недостатоци или неправилности констатирани во текот на изградбата и иститe да ги забележи во градежниот дневник и да изготви завршен извештај за извршениот надзор.

**Член 3**

Овој договор важи два месеци од денот на потпишувањето или додека заврши реализацијата на проектот

**Член 3**

Во случај на спор надлежен е Основниот суд во Битола

**Член 3**

Договорот е составен во два истоветни примероци од кои еден за извршителот на работите а другиот за нарачателот на работите.

Извршител на работата

ЦАНЕ ШОКЛАРОВСКИ
дипл.сооб.инж.
СООБРАЌАЈНО ИНЖЕНЕРСТВО
А.5.
НАДЗОР 0026

Нарачател на работата

ЕУРО ЈАНИ КОП
ДОО
Македонски Брод

**Деловоден број: 35020160031396**

ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, преку регистраторот Павлинка Полејшки, постапувајќи по пријавата за упис на промена на назив/фирма,промена на скратен назив,промена на седиште и запишување на Одлука за измена на актот за основање бр.2/16 од 17.11.2016 година на Друштво за производство,градежништво и услуги ЕУРО ЈАНИ КОП увоз-извоз ДОО Македонски Брод со примена на член 30,39 и 41 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица ("Сл. весник на Република Македонија" бр.84/05, 13/07,150/07, 140/08, 17/11,53/11, 70/13,115/14,97/15,192/15,53/16) и член 44 став 3, 52 став 3, 61 став 3 и член 253 од Законот за трговските друштва (Сл.Весник на РМ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/2016, 30/2016, 61/16 ), го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | **6790283** |

**Деловодник**

| | |
|---|---|
| **Прием на пријавата:** | 13.12.2016 |
| **Вид на упис:** | Упис на промена |
| **Одобрување на пријавата:** | 16.12.2016 |
| **Деловоден број:** | 35020160031396 |
| **Начин на доставување:** | електронски |

| | |
|---|---|
| **Целосен назив на Субјектот на Упис:** | Друштво за производство,градежништво и услуги ЕУРО ЈАНИ КОП увоз-извоз ДОО с.Суводол Македонски Брод |
| **Кратко име:** | ЕУРО ЈАНИ КОП увоз-извоз ДОО с.Суводол Македонски Брод |
| **Седиште:** | Ул. НАСЕЛЕНО МЕСТО БЕЗ УЛИЧЕН СИСТЕМ Бр.1-1/а СУВОДОЛ МАКЕДОНСКИ БРОД |
| **Акт:** | Договор :<br>Пречистен текст од 17.11.2016 година |

**Видови на промени**

| |
|---|
| ***Промена на назив/фирма*** |
| ***Промена на скратен назив на субјектот*** |
| ***Промена на седиште*** |